Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 114, 2 декември 2013 година

декември 2013 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации во туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по Пракса во хотелско-угостителски објекти“ од д-р Нако Ташков, д-р Никола В. Димитров и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по Хотелиерство“ од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија - одбрани теми“ за студентите по стоматологија од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија со нега“ за студентите на Високата здравствена школа, тригодишни студии за физиотерапевти, од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 29

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата „Вовед во фармација“ од доц. д-р Бистра Ангеловска, асс. м-р Верица Ивановска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта со наслов „Ревизија (теоретски и практични аспекти)“ од доцент д-р Јанка Димитрова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Осврт кон меѓународните стандарди за финансиско известување“ од доц. д-р Александар Костадиновски и доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Финансиска либерализација и финансиска стабилност” од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство” од проф. д-р Круме Николоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Архитектура на компјутери“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и асс. м-р Тодор Чекеровски, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 53

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Автоматизација и процеси“ од доц. д-р Роман Голубовски, Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно–научниот совет на единицата .......... 57

**ПРИГОВОР** поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година .......... 58

**ОДГОВОР** по Приговор поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година .......... 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „СКРИПТА ПО ПРАКСА ВО ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ“ ОД Д-Р НАКО ТАШКОВ, Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ И Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр. 2602-437/4 од 5.6.2013 год., Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на својата редовна седница, одржана на 5.6.2013 год. ги избра рецензентите:

- д-р Марија Ацковска – вон. проф. на Економскиот институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- д-р Елизабета Митрева – доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и
- д-р Небојша Вуковиќ – насловен доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

со задача да изготват и достават писмен извештај (рецензија) на ракописот „**СКРИПТА ПО ПРАКСА ВО ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ**“ од проф. д-р Нако Ташков, проф. д-р Никола В Димитров и доц. д-р Дејан Методијески.

По прегледот на приложениот ракопис, Комисијата го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

„**Скрипта по Пракса во хотелско-угостителски објекти**“ е учебно помагало по предметите Пракса во хотелско-угостителски објекти 1, 2 и 3, што се изучуваат на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на додипломските студии на Хотелско-ресторанската насока.

Скриптата е напишана на македонски јазик, нормален проред, фонт Arial со македонска поддршка, големина на буквите 12, содржи 8 табели, 8 слики, еден прилог и има вкупно 73 страници. Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број часови. „Скриптата по Пракса во хотелско-угостителски објекти“ е наменета за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика за изготвување на вежбите и подготвување на испитите по предметите Пракса во хотелско-угостителски објекти 1, 2 и 3, кои се изучуваат на Хотелско-ресторанската насока.

Предметот Пракса во хотелско-угостителски објект 1 се изучува во првиот семестар на прва година, со фонт на часови 2+1+1 и носи 4 кредити. Предметот е изборен.

Предметот Пракса во хотелско-угостителски објект 2 се изучува во вториот семестар на прва година, со фонт на часови 2+1+1 и носи 4 кредити. Предметот е изборен.

Предметот Пракса во хотелско-угостителски објект 3 се изучува во шестиот семестар на трета година, со фонт на часови 2+2+1 и носи 6 кредити. Предметот е задолжителен.

Основната цел на скриптата е да им помогне на студентите во совладувањето на материјата поврзана со практичното работење во угостителските објекти. Притоа, нивото и стилот на обработка на материјата поврзана со предметот се приспособени кон знаењата и потребите на студентите од додипломските студии.

Скриптата методолошки е структурирана во дванаесет предавања кои ги покриваат најзначајните теми од материјата поврзана со практичната работа во хотелско-угостителските објекти, која се изучува според предметната програма.

Првото предавање е наменето за добивање на основни информации за видовите и значењето на практичната работа. Опфатени се и термините кои се поврзани со практичната работа и Правилникот за практична работа на УГД.

Во второто предавање се објаснуваат подготовките за практичната работа како: набавка на униформа и опрема, физичкиот изглед, комуникацијата и однесувањето со гостите, промените кои можат да настанат во животот на практикантите и др.

Во третото предавање се обработува материјата поврзана со избор на објект за извршување на практичната работа. Објаснети се двете можности кои стојат пред студентите, сами да изберат објект за пракса или Факултетот за туризам и бизнис логистика да избере објект кој најмногу ќе им одговара.

Четвртото предавање е поврзано со можноста студентите да ја извршуваат практичната работа во угостителски објекти ширум нашата земја или во некоја друга држава. Дадени се примери од досегашното работење на практикантите во нашата држава и странство.

Петтото предавање се фокусира на договорот за практична работа и упатницата за пракса. Објаснети се овие документи, нивната содржина, намена, начин на пополнување и се дадени во прилог во материјалот.

Шестото предавање се задржува на контролата на практичната работа. Контролата може да биде од страна на одговорно лице од Факултетот и од страна на одговорно лице од организацијата каде што практикантот е на пракса. Даден е пример на табела за евалуација на практикантот.

Во седмото предавање се обработува материјалот поврзан со дневникот за практична работа. Дневникот е даден во прилог, објаснета е неговата намена и дадени се насоки како би можел да биде пополнет.

Осмото предавање го опфаќа материјалот поврзан со придобивките од практичната работа кои ги имаат студентите. Објаснети се персоналниот и професионалниот развој на практикантите.

Деветтото предавање е поврзано со оцената на придобивките од практичната работа, преку кои студентите треба да можат да ја усовршат техниката на пишувањето (писмено изразување). Од придобивките студентите треба да бидат во можност да напишат индивидуална работа и да ја збогатат својата професионална биографија (CV).

Во десеттото предавање се прикажани видовите на угостителски објекти за сместување и можните работни позиции кои би ги имале практикантите.

Во единаесеттото предавање се претставени видовите на објекти за исхрана и можностите за извршување на практична работа на студентите во некои од нив.

Дванаесеттото предавање е наменето за приближување до студентите на другите видови туристички и угостителски објекти кои се дел од поголемото туристичко стопанство и индустријата на гостопримството и можностите за пракса во нив.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите, во согласност со студиската програма Пракса во хотелско-угостителски објекти 1, 2 и 3 на Факултетот за туризам и бизнис логистика и како таков е соодветен да се користи како учебно помагало (скрипта) по предметите Пракса во хотелско-угостителски објекти 1, 2 и 3.

## З А К Л У Ч О К

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип со задоволство **му предлагаме ракописот „Скриптата по Пракса во хотелско-угостителски објекти“ од авторите проф. д-р Нако Ташков, проф. д-р Никола В. Димитров и доц. д-р Дејан Методијески да биде издаден во електронска форма како скрипта** за потребите на студентите од Хотелско-ресторанската насока.

**Скопје, ноември 2013 г.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Марија Ацковска, с.р.**
**Д-р Елизабета Митрева, с.р.**
**Д-р Небојша Вуковиќ, с.р.**